**NOVINSKA DOKUMENTACIJA**
BEOGRAD, KNEZ MIHAILOVA 2
Tel: 621-578 622-537

ЕКРАН
Скопје

-7. XII. 1989



ОЛГА МИЛОСАВЛЕВА

# РОК-ЕН-РОЛ НА СЦЕНАТА НА МНТ

■ Балетот при Македонскиот народен театар, Скопје забрзано работи на својата последна премиера, што ја најавува како вистински спектакл. Тоа е првиот рок-ен-рол балет што ќе биде изведен на оваа сцена, а за кој музиката ја напиша најдобриот македонски рокер Влатко Стефановски. Музиката во траење од околу 90 минути ја исполнуваат членовите на групата „Леб и сол". Инаку либретото за балетот со наслов „Зодијак" го напиша (кој друг, ако не тој), Горан Стефановски, а сето тоа во игра ќе го вообличи кореографот Олга Милосавлева. Режијата му е доверена на Рахим Бурхан, сценографијата на Марина Чутурило од Белград, а костимографијата на Елена Дончева. Во најновата премиера на Балетот настапува целиот ансамбл со солистите Зоица Пуровска, Зоран Велевски, Јагода Сланева, Ирена Ветерова, Екрем Хусеин, Виолета Радовановиќ и други.